РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
ОПШТИНА СОПИШТЕ - KOMUNA E SOPISHTËS
СОВЕТ-KËSHILLI
Бр.Nr. 02-1043/1
27 05 2020 20 год.vit.
СОПИШТЕ-SOPISHTË

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа ( ,, Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 32 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Сопиште (,, Службен гласник ,, бр.5/2007 ), а во врска со член 191 став 2 од Законот за заштита на децата (,, Службен Весник на РМ,, бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19), Советот на Општината Сопиште на 4- та седницата одржана на ден 26.05.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

За Усвојување на барањето со број 03-114/1 од 21-05-2020 година на УО за износот и надоместокот на трошоците за престој во Јавната општинска установа за деца Детска Градинка ВИНОЖИТО Сопиште што паѓа на товар на родителите

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува барањето со број 03-114/1 од 21-05-2020 година на УО за износот и надоместокот на трошоците за престој во Јавната општинска установа за деца Детска Градинка ВИНОЖИТО Сопиште што паѓа на товар на родителите поради некористење на услугите од детската градинка.

Член 2

Надоместокот и трошоците за престој во јавната установа за деца што паѓа на товар на родителите за месец Април и Мај да се ослободат од надоместок за плаќање.

Член 3

Одлука од Советот на општината, да се достави до Јавната општинска установа за деца - Детска градинка,, Виножито,, Сопиште.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Сопиште,,.

СОВЕТ НА ОПШТИНА СОПИШТЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јане Мицевски